Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 9/0306
26.01 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 15.01.2026 година, врз основа на примена жалба од **Деспина Ковачевска** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„ФОТО: Меџити и Фетаи ја пречекаа албанската министерка, македонско знаме немаше“,** објавен на интернет порталот на **дневниот весник** „Слободен печат“ (slobodenpecat.mk)**, на 22.12.2025 година**, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 23.12.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „ФОТО: Меџити и Фетаи ја пречекаа албанската министерка, македонско знаме немаше“, објавен на интернет порталот на дневниот весник „Слободен печат“ (slobodenpecat.mk), на 22.12.2025 година, при што се жали на „неточно и нефер известување“ и „пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Жалителката наведува: „Порталот „Слободен печат“ објави текст за посетата на министерката за Европа и надворешни работи на Република Албанија, Елиса Спиропали, користејќи фотографии од социјалните мрежи на градоначалникот на Општина Чаир, Изет Меџити. Во објавата настанот беше прикажан како средба што се одржала „без ниту едно македонско знаме“. Сепак, на видео од амбасадорот на Албанија јасно се гледа македонско знаме, што покажува дека не биле проверени сите факти пред објавување“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата) и други материјали поврзани со жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој во целост се отфрла жалбата како неоснована, при што меѓу другото се наведува:

Претставката на жалителката е упатена на погрешна адреса наместо до Владата на Македонија, пратена е до нас. Основата на објавената вест е известување и цитирање на изјава од објава на официјалниот Фејсбук профил на споменатиот министер, на кој, придружно објавата не беше објавена ниту една фотографија каде се гледа македонското знаме. Г-нот Меџити беше контактиран од наша страна да даде коментар, но безуспешно. На фотографиите – прилог на објавениот текст, се гледа висок државен службеник на соседна земја, министерката за Европа и надворешни работи на Албанија, Елиса Спиропали, каде според сите протоколи на нашата државата за оваа пригода-треба да биде истакнато македонското државно знаме.

Нашиот новинар изразил резерва и напоменал во текстот – иако не се гледа од приложените фотографии – можно е некаде да било истакнато и македонското знаме, но тоа на ниту една фотографија на споменатиот Фејсбук профил не се гледа“ – стои во одговорот од медиумот потпишан од Управителот Мирослав Јовановиќ.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „ФОТО: Меџити и Фетаи ја пречекаа албанската министерка, македонско знаме немаше“, објавен на интернет порталот на дневниот весник „Слободен печат“(slobodenpecat.mk), на 22.12.2025 година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, односно не е прекршен член ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е вест, а е поврзана со објава на Фејсбук профилот на градоначалникот на општина Чаир Изет Меџити од пречекот на висока владина функционерка од Албанија - со што темата е од неспорен јавен интерес.

Комисијата констатираше дека во фокусот на оспорената содржина е начинот на кој градоначалникот на Општина Чаир Изет Меџити на својот официјален профил ја информирал јавноста за пречекот на албанската министерка. Текстот, всушност, почнува со информацијата дека градоначалникот Меџити на Фејсбук објавил фотографии од посетата, а потоа нагласува дека „...на објавените фотографии можат да се видат десетици знамиња на Албанија (во рацете на деца-играорци), но не и македонското државно знаме.“ Веднаш потоа авторот на објавата додава: „Доколку тоа некаде било истакнато и фотографирано, Меџити тие фотографии не ги вклучил во објавата.“ Со оваа реченица медиумот јасно им ставил до знаење на читателите дека на настанот можеби и имало истакнато македонско знаме, но тие не биле објавени на профилот на градоначалникот.

Покрај ова, а поаѓајќи од основното етичко правило дека „точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“, медиумот во својот одговор на жалбата наведува дека се обидел да го контактира градоначалникот, но не успеал да добие одговор.

Дел од членовите на Комисијата, сепак, нагласија дека медиумот и во насловот на текстот требало да ја направи истата ограда – за тоа дека на фотографиите објавени на профилот на градоначалникот немало македонско знаме. Без таквата ограда, насловот создал забуна и предизвикал негативни реакции кај дел од читателите.

Од овие причини, во поглед на конечниот заклучок за тоа дали медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, мислењата на членовите на Комисијата беа поделени.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Мнозинството членови на Комисијата, сепак, сметаа дека жалбата е неоснована и дека медиумот не го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Тамара Чаусидис, Сефер Тахири, Мирче Адамчевски и Димитар Мицев. Жана Божиновска поради деклариран судир на интереси се исклучи од гласањето за овој случај.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595